## АПСТРАКТ

Туризмот е мултидимензионален општествено-економски феномен и затоа вклучува многу различни чинители за неговите оперативни активности. Суштински елемент за одржлив развој на туризмот во која било туристичка дестинација е учеството на активните чинители и интензивирањето на соработката помеѓу нив. Токму едни од тие чинители се и туристичките водичи кои играат голема улога во туристичката индустрија поаѓајќи од фактот дека туристите треба да имаат јасна слика за земјата и нејзините придонеси, закони, правила и регулативи и други очекувани модели на однесување.

Покрај тоа, водичите треба да имаат можност да ја претворат туристичката посета во незаборавно искуство. Покрај квалитетот и способноста на туристичките водичи, има многу проблеми поврзани со нивните услуги кои можат да влијаат на крајното задоволство на туристите.

Во Република Македонија се забележува позитивен тренд во туристичкото водење во последните 20 години. Токму поради овој факт во оваа докторска дисертација се посветува внимание на улогата и значењето на туристичкото водење за туризмот во Република Македонија. Посебен акцент се става на законската легислатива и начинот на кој туристичките водичи доаѓаат до лиценца, со критички осврт, прикажан низ призмата на емпириските истражувања на туристички водичи и туристи.

**Клучни зборови: туризам, туристичка дестинација, туристичко искуство, туристички водичи, туристичко водење, законска легислатива, емпириско истражување**

## APSTRACT

Tourism is a multidisciplinary industry and therefore involves many different stakeholders for it operational activities. An essential element for sustainable tourism development in any tourist destination is the participation of active stakeholders and their collaborations. Among them the tourist guides play a major role in the tourism industry since tourists need to have a clear picture of the country and its offerings, laws, rules and regulations and other expected behavioral patterns.

Moreover, guides should have the ability to transform the tourist visit into an unforgettable one experience. In addition to the quality and ability of tourist guides, there are many problems and issues associated with their services that can impact the ultimate satisfaction of tourists.

In the Republic of Macedonia, there is a positive trend in tourist guiding in the last 20 years. It is because of this fact that this doctoral dissertation pays attention to the role and importance of tourist guiding for tourism in the Republic of Macedonia. Particular emphasis is placed on the legislation and the way that tourist guides come to licensing, with a critical overview, presented through the prism of empirical research on tourist guides and tourists.



**Keywords: tourism, tourist destination, tourist experience, tourist guides, tourguiding, legislation, empirical research**